Уп. бр. 08-149

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од страна на ИНФИНУМ друштво со ограничена одговорност за компјутерски дејности и услуги (Infinum društvo s ograničenom odgovornošću za računalne djelatnosti i usluge) (INFINUM d.o.o.), со регистрирано седиште со адреса на Ул. Мала Шварча 23, Карловац, Хрватска, доставено преку адвокатско друштво Поленак, од Скопје, на седницата одржана на 19.11.2025 година, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата со која ИНФИНУМ друштво со ограничена одговорност за компјутерски дејности и услуги (Infinum društvo s ograničenom odgovornošću za računalne djelatnosti i usluge) (INFINUM d.o.o.), со регистрирано седиште со адреса на Ул. Мала Шварча 23, Карловац, Хрватска, преку своето индиректно зависно друштво ИНФИНУМ САЈБЕРСЕКЈУРИТИ БИДКО ЛИМИТЕД *(INFINUM CYBERSECURITY BIDCO LIMITED)*, со регистрирано седиште на Единица 2, улица Велер 14, Лондон, SE1 1QU, Англија (Unit 2, 14 Weller Street, London, England SE11QU), ќе стекне контрола над АМР Сајберсекјурити Лтд *( AMR Cybersecurity Ltd)*, со седиште на 3000А Парквеј, Вајтли, Хемпшир, ПО15 7ФИкс, ОК (3000A Parkway, Whiteley, Hampshire, PO15 7FX, UK), , иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да платииии административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

# О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 15.10. 2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од страна на ИНФИНУМ друштво со ограничена одговорност за компјутерски дејности и услуги (Infinum društvo s ograničenom odgovornošću za računalne djelatnosti i usluge) (INFINUM d.o.o.), со регистрирано седиште со адреса на Ул. Мала Шварча 23, Карловац, Хрватска, со која ИНФИНУМ друштво со ограничена одговорност за компјутерски делови и услуги преку своето индиректно зависно друштво ИНФИНУМ САЈБЕРСЕКЈУРИТИ БИДКО ЛИМИТЕД *(INFINUM CYBERSECURITY BIDCO LIMITED)*, со регистрирано седиште на Единица 2, улица Велер 14, Лондон, SE1 1QU, Англија (Unit 2, 14 Weller Street, London, England SE11QU), ќе стекне контрола над АМР Сајберсекјурити Лтд *( AMR Cybersecurity Ltd)*, со седиште на 3000А Парквеј, Вајтли, Хемпшир, ПО15 7ФИкс, ОК (3000A Parkway, Whiteley, Hampshire, PO15 7FX, UK)

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Регистрираната примарна дејност на ИНФИНУМ д.о.о. е компјутерско програмирање.

Примарната деловна активност на ИНФИНУМ БИДКО се консултантски активности во информатичката технологија.

Во Северна Македонија, ИНФИНУМ д.о.о. има едно регистрирано зависно друштво – Друштво за производство, трговија и услуги ИНФИНУМ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. Максим Горки бр.13, 1000 Скопје и ЕМБС 6683150. Регистрираната приоритетна дејност на ИНФИНУМ ДООЕЛ Скопје е 62.09 – останати услуги во врска со информатичката технологија и компјутерите.

Примарната дејност на АМР Сајберсекјурити Лтд е специјализирани услуги на сајбер безбедност.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од

Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕСЕДАТЕЛ**

**М-р Малинка Силјановска Николиќ**